**20200891342**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 2 април 2020 година, донесе

## УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНИ НА ВОДНИТЕ УСЛУГИ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

Законот за утврдување на цени на водните услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2016), ќе се применува за време на траење на вонредната состојба, доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

За рокот за доставување на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга за снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението и рокот за доставување на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга снабдување со вода за пиење, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води за сите даватели на водни услуги кои обезбедуваат водна услуга на подрачја поголеми од 10.000 еквивалент жители за време на траење на вонредната состојба ќе се применуваат одредбите на оваа уредба со законска сила.

Член 2

Доставувањето на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга снабдување со сурова вода наменета за водоснабдување на населението чиј рок е определен согласно Законот за утврдување на цени на водните услуги, а кој истекува за време на траењето на вонредната состојба, ќе се изврши до 15 април 2020 година.

Доставувањето на барањето за утврдување на тарифа за водна услуга снабдување со вода за пиење, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води за сите даватели на водни услуги кои обезбедуваат водна услуга на подрачја поголеми од 10.000 еквивалент жители, чиј рок е определен согласно Законот за утврдување на цени на водните услуги, а кој истекува за време на траењето на вонредната состојба, ќе се изврши до 15 мај 2020 година.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2781/1
2 април 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.